**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 декември 2025 година**

**Скопје, декември 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 декември 2025 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Сафије Садики-Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Венера Љатифи-Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт,.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за состојбата со појава на обрушување на земјиште (активно свлечиште), кое се наоѓа под објекти на улица „Партенија Зографски“, со можност за загрозување на животот и здравјето на луѓето, како и нарушување на безбедноста и стабилноста на околните објекти, инфраструктура и критичната инфраструктура

2. Информација за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со дополнување и со Предлог-одлука

3. Информација за давање согласност за продажба на акции во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, со предлог-одлуки

4. Годишна сметка за периодот 1.1.2024-31.12.2024 година, Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"-Скопје за 2024 година и финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и прилози

5. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје

6. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (бр.03-1076)

7. Предлог - одлука за продажба на движни ствари (прозори од алуминиумска дограма)

8. Барање за донесување на одлука за давање на согласност за престанок на правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост на Министерството за здравство, со Предлог – одлука

9. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 21 август 2025 година до 27 август 2025 година

10. Известување за преземените активностите во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 21 август 2025 година до 27 август 2025 година

11. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*), (деветнаесетта измена)

12. Предлог-одлука за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај

13. Информација за потребата од донесување на годишен план за изградба на енергетски објекти за 2025 година, со Предлог-годишен план

14. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Биро за јавна безбедност, со Предлог – одлука

15. Информација за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „Вец Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип, со Предлог-одлука

16. Информација во врска со потребата за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог - решение

17. Информација во врска со потребата за изменување на Решението за формирање на Комисија за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение

18. Информација за ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, со ревидиран Оперативен план

19. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Ројо брилианте“ ДООЕЛ увоз-извоз с.Марвинци, Валандово, со Предлог – одлука

20. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Елизабета Велковиќ, ул. „11 Октомври“ бр.15, Росоман, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште, со непосредна спогодба со Антонио Стрезовски ул.29 Ноември бр.168, Ресен, со Предлог-одлука

22. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот: Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, Општина Демир Хисар

23. Информација за статусот на подготовка на законското решение за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции

24. Информација за составот на делегацијата за учество на Единаесетта сесија на Конференцијата на Договорните страни на Конвенцијата на Обединетите нации против корупција, што ќе се одржи од 15 до 19 декември 2025 година во Доха, Катар

25. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправниот дом-Прилеп (патничко моторно возило)

26. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (ул.„Парк“, на КП бр.5110, КО Центар 1, запишан во Имотен лист бр.48987)

27. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (објект кој се наоѓа на ул. „Парк“, КП бр.5109, КО Центар 1)

28. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (ул. „Парк“, на КП бр.5108/1, КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр.48987)

29. Информација за прогресот на активностите кои произлегуваат од проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален информациски хаб – Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“

30. Информација за пресметка на плата за вработените во установите од областа на културата по Колективен договор за култура и по Општиот колективен договор за јавниот сектор

31. Информација за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Меѓународната организација за турска култура (ТУРКСОЈ), со усогласен текст на Меморандум

32. Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лицата кои се слепи, имаат оштетен вид или на друг начин оневозможени да користат печатени материјали, со Предлог-одлука

33. Информација за археолошките истражувања на некрополата од архајски период, на локалитетот Расница, с.Корошишта, Струшко

34. Предлог-одлука за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.15699 КО Охрид 3)

35. Предлог-програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2025 година

36. Предлог-програма за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2025 година

37. Иницијатива од Горан Путиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.154/2025 за оценување на уставноста на член 154 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19 и 155/24)

38. Иницијатива од Јовица Јовевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.142/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 27 став (2) точка 5) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/22 и 47/25)

39. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.152/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 33-д став 5 во делот „за отуѓување" од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23, 59/25 и 154/25)

40. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.157/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 став 2 во делот „посебен закон“ од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен

весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24 и 241/24 )

41. Понуда од нотар Петар Митков од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2542, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2854/1, викано место/улица „Чар“
42. Понуда од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.730/2013, за право на првенствено купување имот, каде како сопственик на земјиште се јавува Република Северна Македонија, запишан во Имотен лист бр.70, за КО Беловиште, на КП.бр.1622, викано место/улица „Село“

43. Известување од извршител Моника Муча од Скопје, доставено под И.бр.1560/2025 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.6466 за КО Центар 1, на КП бр. 7643, викано место/улица „156 бр.22“

44. Известување од извршител Благоја Каламатиев од Скопје, доставено под И.бр.5387/2024, за Заклучок за втора усна јавна продажба, што ќе се одржи на 10 декември 2025 година, за продажба за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.90, за КО К‘шање

45. Информација по однос на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската Конвенција), со осврт кон специјализираните услуги за жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство“, со Акциски план

46. Акциски план за имплементација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, Скопје (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)) и Акцискиот план за имплементација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, Скопје (Сметка за средства од Фондот (737))

47. Информација за трансфер на прибраните средства од Компензациониот фонд ФАРЕ во Буџетот на Република Северна Македонија

48. Информација за утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на тема „Основен буџет на Република Северна Македонија за 2024 година“, со Акциски план

49. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје за третиот квартал 2025 година

50. Извештај за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“–Пробиштип, за периодот 1 јули 2025 година-30 септември 2025 година

51. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, за третиот квартал (1.7-30.9.2025 година)

52. Тримесечен извештај за инвестициони работи на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес, за периодот јули-септември 2025 година, со обрасци за финансиско известување

53. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, за период од 1 јули до 30 септември 2025 година, со прилози

54. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година

55. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, за периодот јануари - март 2025 година

56. Тримесечен финансиски извештај за работењето, за периодот јули – септември 2025 година на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“

57. Кадровски прашања

58. Прашања и предлози

59. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година

60. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година

61. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година

62. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 година

63. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 година

64. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија во врска со подготовката, изградбата и оперативноста на меѓу граничниот железнички тунел

65. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2025 година

66. Информација за склучување на Договор за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Гентерм Северна Македонија ДООЕЛ увоз - извоз Прилеп и Гентерм Инкорпорејтед (Gentherm Incorporated), со Предлог-одлука

67. Информација за потребата од изменување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот-Коридор 8 и Коридор 10Д за 2025 година, со Предлог-програма

68. Информација за обезбедување на финансиски средства од Министерството за финансии за формирање на Единица за спроведување на проектот (ЕСП-PIU) на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 година - ноември 2028 година, во рамките на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини

69. Информација за Механизмот за јаглеродно гранично прилагодување (CBAM)

70. Информација за приклучување на Република Северна Македонија кон Програмата „EU4Health 2021–2027“, со Нацрт - текст на Договор

71. Информација за потребата на склучување на Амандман 1 на Договорот влада со влада за обезбедување со  резервни делови по Програмата Cooperative Logistic Supply Support (CLLSA), со склучување на Амандман 1 помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Амандман 1

72. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година

73. Предлог-програма за изменување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година.

74. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година

75. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година

76. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за јавна администрација - Државен управен инспекторат

77. Информација за потребата од ажурирање на Акцискиот план за периодот јули 2025 – декември 2026 година, како дел од Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030), со текст на ажуриран Акциски план за периодот јули 2025–декември 2026 година

78. Информација за спроведување на акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух за ноември 2025 година

79. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар на население

80. Информација во врска со Иницијативата за склучување на Меморандум за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Националната царинска агенција на Република Бугарија, со усогласен текст на Меморандум

81. Информација за измена на висината на потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со појава на обрушување на земјиште (активно свлечиште), кое се наоѓа под објекти на улица „Партенија Зографски“, со можност за загрозување на животот и здравјето на луѓето, како и нарушување на безбедноста и стабилноста на околните објекти, инфраструктура и критичната инфраструктура и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Општина Центар и Град Скопје, во рок од седум работни дена, да формираат интервентен тим со претставници од Министерството за транспорт, Градежниот факултет - Скопје, Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје (ИЗИИС), Општина Центар, Град Скопје, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Министерството за внатрешни работи, кој ќе изготви проценка за ризикот, стручно мислење и предлог - мерки за санација.

2. Се препорачува на Град Скопје да го спроведе Заклучокот од координацијата помеѓу институциите во Системот за управување со кризи Записник бр. 47-2409/1 од 1.11.2024 година, во однос на загрозување по животот и здравјето на луѓето и по материјалните добра од подземни води, одрон и рушење на потпорниот/оградениот ѕид на улица „Белградска“ кај ЈЗУ УК, со обврска Град Скопје да изготви проектирање и реализација на атмосферска канализација на улица „Белградска“ - Скопје, заради прифаќање на подземните и сливните води од падините, поточно од сливното подрачје на Водно, заради трајно и долгорочно решавање на проблемот.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со дополнување и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за давање согласност за продажба на акции во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, со предлог-одлуки.

**Точка 4**

Владата ги разгледа Годишната сметка за периодот 1.1.2024-31.12.2024 година, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за 2024 година и финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и прилози и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за 2024 година и

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за 2024 година.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (бр.03-1076).

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (прозори од алуминиумска дограма).

**Точка 8**

Владата го разгледа Барањето за донесување на одлука за давање на согласност за престанок на правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост на Министерството за здравство, со Предлог – одлука, го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за здравство, имајќи го предвид усно изнесеното позитивно мислење на Министерството за здравство.

**Точка 9**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 21 август 2025 година до 27 август 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активностите во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 21 август 2025 година до 27 август 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*), (деветнаесетта измена).

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на годишен план за изградба на енергетски објекти за 2025 година, со Предлог годишен план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе Годишниот план за изградба на енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија и складирање на електрична енергија за 2025 година (усогласен со Секретаријатот за законодавство).

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да го објави Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година на официјалната веб – страница.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени од министерот за финансии, активностите утврдени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија и складирање на електрична енергија за 2025 година, како и финансиските средствата потребни за нивно спроведување, да се реализираат во рамки на сопствениот буџет, за тековната и наредните фискални години.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Биро за јавна безбедност, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност (усогласена со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии).

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „Вец Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „Вец Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип (усогласени со Секретаријатот за законодавство).

Истовремено, Владата заклучи Министерството за финансии да достави мислење по материјалот.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за изменување на Решението за формирање на Комисија за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објекти.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, со ревидиран Оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати ревидираниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Ројо брилианте“ ДООЕЛ увоз-извоз с.Марвинци, Валандово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Елизабета Велковиќ, ул. „11 Октомври“ бр.15, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште, со непосредна спогодба со Антонио Стрезовски ул.29 Ноември бр.168, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот: Изградба на нова водоводна мрежа во с. Слепче, Општина Демир Хисар и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2026 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот: Изградбата на нова водоводна мрежа во с. Слепче, Општина Демир Хисар и тоа:

- 2025 година 1.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ и
- 2026 година 18.160.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

2. Го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 23**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за статусот на подготовка на законското решение за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на министрите од Министерството за европски прашања и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 24**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за составот на делегацијата за учество на Единаесетта сесија на Конференцијата на Договорните страни на Конвенцијата на Обединетите нации против корупција, што ќе се одржи од 15 до 19 декември 2025 година во Доха, Катар.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправниот дом-Прилеп (патничко моторно возило).

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (ул.„Парк“, на КП бр.5110, КО Центар 1, запишан во Имотен лист бр.48987).

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (објект кој се наоѓа на ул. „Парк“, КП бр.5109, КО Центар 1).

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (ул. „Парк“, на КП бр.5108/1, КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр.48987).

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите кои произлегуваат од проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален информациски хаб – Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, да изврши исплата на средства во рамки на Раздел 17001 од Сметка 637, Програма Н, Потпрограма НА, Ставка 426, износ во

висина од 5 милиони денари обезбедени од буџетот на Министерството за дигитална трансформација за 2025 година за кофинансирање на проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален иновациски хаб – Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“ (INNOFEIT European Digital Innovation Hub: One-stop shop for digital and green transformation in the Republic of North Macedonia)“.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, а се препорачува на конзорциумот предводен од координаторот Центар за трансфер на технологии и иновации – ИННОФЕИТ, во рок од седум дена, да склучат меморандум за соработка и договор за реализација на активностите предвидени во проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален иновациски хаб – Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“ (INNOFEIT European Digital Innovation Hub: One-stop shop for digital and green transformation in the Republic of North Macedonia)“.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за пресметка на плата за вработените во установите од областа на културата по Колективен договор за култура и по Општиот колективен договор за јавниот сектор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура и туризам да изготви Упатство за пресметка на платите на вработените во установите од областа на културата по Колективен договор за култура и по Општиот колективен договор за јавниот сектор.

2.Се задолжува Министерството за култура и туризам да го утврди начинот за пресметка на платите на вработените во установите од областа на културата.

3. Се задолжува Министерството за економија и труд, да иницира состанок на Комисијата за следење на примената и толкување на одредбите на Општиот колективен договор за јавниот сектор, односно да иницира постапка за толкување на член, 14 став 1 од Општиот колективен договор за јавниот сектор.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Меѓународната организација за турска култура (ТУРКСОЈ), со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Меѓународната организација за турска култура.

2. Се овластува Зоран Љутков, министер за култура и туризам, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Меѓународната организација за турска култура.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија кон Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лицата кои се слепи, имаат оштетен вид или на друг начин оневозможени да користат печатени материјали, со

Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пристапување на Република Северна Македонија кон Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лицата кои се слепи, имаат оштетен вид или на друг начин оневозможени да користат печатени материјали.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за археолошките истражувања на некрополата од архајски период, на локалитетот Расница, с.Корошишта, Струшко и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура и туризам да ги обезбеди потребните финансиски средства за реализацијата на археолошките истражувања на некрополата од архајски период, на локалитетот Расница, с.Корошишта, Струшко.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам, преку надлежната установа НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија, да ги реализира археолошките истражувања на некрополата од архајски период, на локалитетот Расница, с.Корошишта, Струшко.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.15699 КО Охрид 3).

**Точка 35**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2025 година.

**Точка 36**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Иницијативата од Горан Путиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.154/2025 за оценување на уставноста на член 154 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19 и 155/24) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наводите во Иницијативата, подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 154 од Законот за катастар на недвижности, од причина што оспорената одредба не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 6 и член 15 од Уставот на Република Северна Македонија. Подносителот, во образложението на Иницијативата, навел дека „правото на истакнување на ништовноста не се гаси, ниту пак застарува". Дополнително, подносителот предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија по разгледување на наводите во Иницијативата и извршената анализа на законските норми со влијание врз правото на заштита на субјективните граѓански права да утврди неуставност на содржината на член 154 од Законот за катастар на недвижности поради

недозволеното влијание врз уставно загарантираните права за правна заштита, против сите управни дејствија во кои спаѓаат и дејствијата од страна на Агенцијата за катастар на недвижности. Подносителот на Иницијативата е на став дека поради нејасната и недоволно прецизираната содржина на член 154 од Законот за катастар на недвижности, истата е спротивна на член 2 став (2) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните конвенции прифатени од страна на Република Северна Македонија и истиот треба да биде укинат од истите причини поради кои Уставниот суд на Република Северна Македонија го укинал и членот 77 став (2) од Законот за општата управна постапка.

Имено, согласно член 8 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се:

- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност;
- соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
- правната заштита на сопственоста;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Според став 2 на истиот член, во Република Северна Македонија слободно е сè што со Уставот и законот не е забрането.

Согласно член 15 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд, а според став 2 на истиот член, правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Согласно член 154 од Законот за катастар на недвижности, при востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижности не се применуваат институтите на запирање, прекин, повторување на управната постапка, враќање во поранешна состојба, како и поништување, укинување и менување на решение.

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Со Законот за катастар на недвижности меѓу другото се уредува и работењето и надлежностите на Агенцијата за катастар на недвижности. Една од надлежностите на Агенцијата за катастар на недвижности е одржувањето на катастарот на недвижности како јавна книга во која се врши запишување на правото на сопственост и на другите стварни права на недвижностите, на податоците за недвижностите, како и на други права и факти чие запишување е утврдено со закон.

За да се оцени уставноста на оспорената одредба потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби од Законот за катастар на недвижности како целина, од каде произлегува и целта и улогата на оспорената законска одредба.

Оттука, членот 142 од Законот за катастар на недвижности децидно пропишува дека запишувањето на правото на сопственост и другите стварни права на недвижностите во катастарот на недвижности е задолжително, а запишувањето на другите права на недвижностите, предбележувањето, како и прибележувањето на факти од влијание за недвижностите, во случаите кога тоа е предвидено со овој или со посебен закон.

Дополнително, државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа, нотарите, адвокатите, извршителите и другите јавни служби се должни при донесување на одлуките, односно составување и потврдување на исправите да ги користат податоците од катастарот на недвижности.

Членот 145 од Законот за катастар на недвижности го пропишува начелото на точност и верба во запишаното, односно податоците во катастарот на недвижностите се сметаат за точни, па совесното лице кое верувало на запишаното во катастарот на недвижности, не знаејќи дека она што е запишано е неточно или нецелосно, нема да трпи штетни последици.

Оттука, ова начело ја гарантира точноста на сите податоци што се внесуваат во Катастарот на недвижности, со што дополнително се зајакнува правната сигурност на корисниците и вербата во веродостојноста на сето она што е запишано во него. На тој начин, Катастарот на недвижности функционира како стабилен и сигурен извор на информации, што е од суштинско значење за правниот промет и заштитата на имотните права.

Од аспект на наведеното, неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека оспорената одредба не е доволно јасна и прецизна од причина што согласно член 7 од Законот за катастар на недвижности, Агенцијата работи врз основа на принципите на законитост, стручност, ефикасност, транспарентност, сервисна ориентација, професионалност и одговорност за работењето и постигнатите резултати.

Воедно, темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на правата загарантирани со Уставот и законите, а во случај на евентуална повреда, да се обезбеди заштита пред судовите, што всушност е веќе уредено со членот 237 од Законот за катастар на недвижности, каде е предвидена судска заштита за потврдите од членот 83 став (2), членовите 184 и 185 ставови (2) и (3), членовите 192 и 197 ставови (1) и (2), членовите 206 и 207 ставови (2) и (3), членот 209 став (3) и членовите 211 и 212 од Законот за катастар на недвижности, кои што се конечни и извршни и против истите подносителот на пријавата, односно носителот на правото има право да поднесе тужба пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на потврдата.

Со членот 238 од Законот за катастар на недвижности е предвидена тужба за бришење од Катастарот на недвижности, односно секое лице кое има правен интерес може со тужба пред Управниот суд да бара бришење на запишаното од катастарот на недвижности во рок од три години од извршеното запишување.

По однос на неприменувањето на институтите опфатени со оспорениот член 154 од Законот за катастар на недвижности, се укажува дека Законот за катастар на недвижности претставува lex specialis, во однос на Законот за општата управна постапка, ова дотолку повеќе ако се земе предвид и членот 209 од Законот за катастар на недвижности, кој во ставот (1) пропишува дека при одржување на катастарот на недвижности се отстрануваат грешки направени при премерот и запишувањето на податоците за недвижностите, а кои настанале:
- по однос на податоците за недвижностите како резултат на грешка во пресметување на површината на парцелата, односно зградата или посебниот дел од зградата на парцелата,

грешка при дешифрацијата на недвижностите, грешка при исцртување на граничната линија на катастарската парцела/зграда, грешка при дигитализација на катастарските планови, како и грешка при исцртување и пресметување на податоците за инфраструктурните објекти,
- во означување на адресните податоци за недвижностите и личните адресни податоци за носителите на правата на недвижностите и
- при внесувањето на податоците на катастарските планови и во електронската база на податоци.

Според став (2) на овој член, грешките од ставот (1) алинеја 2 на овој член кои се однесуваат на личните податоци можат да се отстранат, согласно со податоците од лична карта или патна исправа по барање на носителот на правото на сопственост.

Според став (3) на овој член, грешките од ставот (1) на овој член се отстрануваат, без оглед дали се извршени промени на податоците за правата и за носителите на правата на недвижностите.

Според став (4) на овој член, при одржување на катастарот на недвижности се отстрануваат и грешките кои се однесуваат на податоците за правата и за носителите на правата на недвижностите запишани при востановување и одржување на катастарот на недвижности, доколку при одржување на катастарот на недвижностите не се извршени промени по однос на видот на правото и за носителот на правото, што се утврдува со увид во правниот основ за запишување.

Според став (5) на овој член, грешките од ставовите (1) и (4) на овој член се отстрануваат во имотниот лист, по пријава на странка или по службена должност со потврда за исправка на грешка.

Според став (6) на овој член, грешките од ставот (4) на овој член се отстрануваат и доколку се извршени промени по однос на видот на правото и носителот на правото, ако кон пријавата за исправка на грешка се приложи изјава за согласност за исправка на грешката заверена кај нотар дадена од носителите на правата запишани во катастарот на недвижностите и субјектите во чија корист се запишани други стварни права, товари, ограничувања и прибележувања. Доколку не се приложат изјавите за согласност за исправка на грешка или постоењето на истата се утврди во постапка по службена должност, направената грешка не се отстранува, а постоењето на грешката се прибележува во имотниот лист, со потврда за запишување на промена.

Според став (7) на овој член, доставувањето на потврдите донесени по пријава на странка се врши до подносителите на пријавите, како и до носителите на правата запишани во катастарот на недвижностите на кои се однесува исправката на грешката, а доставувањето на потврдите по службена должност се врши до носителите на правата запишани во катастарот на недвижности на кои се однесува исправката на грешката/прибележувањето. Доставувањето на потврдите се врши согласно со одредбите од членот 187 од овој закон.

Според став (8) на овој член, за отстранување на грешките од ставовите (1), (2), (3), (4) и (6) од овој член не се плаќаат надоместоци.

Правото на сопственост, како субјективно право е стварно право што во себе содржи најшироки овластувања во однос на користењето и располагањето со една ствар, што всушност ја сочинува содржината на правото на сопственост.

Нормалното функционирање на сопственоста како главно стварно право, а со тоа и остварувањето на правната сигурност (член 8 од Уставот - темелни вредности, владеење на правото и правната заштита на сопственоста и член 30 од Уставот со кој се гарантира правото на

сопственост и правото на наследување) во Република Северна Македонија се реализира на два начина:
- преку општ генерален закон - право на сопственост и други стварни права и
- преку посебни специјални закони со кои се регулираат одредени сопственички форми: ствари во државната сопственост и сопственоста на одделни видови правни лица, правниот режим на одделни видови ствари што се ствари од општ интерес за Република Северна Македонија (Законот за земјоделско земјиште, Законот за градежно земјиште, Законот за шумите, Законот за водите, Законот за заштита на културното наследство) и некои од другите стварни права, како што е Законот за договорен залог.

Согласно член 8 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 92/08, 139/09 и 35/10), сопственикот има право својата ствар да ја држи, целосно да ја користи и да располага со неа по своја волја, доколку тоа не е спротивно на закон или на некое право на друго лице.

Носители на правото на сопственост се правните субјекти, односно физичките и правните лица. За да се биде носител на правото на сопственост, потребно е да се има општа правна способност, така што во тој поглед, во нашиот правен систем не постојат некои посебни ограничувања.

Право на сопственост можат да стекнат сите домашни и странски физички и правни лица, вклучувајќи ја државата и единиците на локалната самоуправа, под услови и на начин предвиден со Законот за сопственост и други стварни права и друг закон.

Секој е должен да се воздржува од повреди на правото на сопственост на друго лице. Со тоа стварното право добива апсолутен карактер, т.е. ги обврзува сите други лица или поточно правната власт на носителот на стварното право делува спрема сите (erga omnes, contra partes).

Во граѓанско-правна смисла стварта е дел од материјалната природа (може да се индивидуализира), која се наоѓа во власт на човекот и на која постои право на сопственост или некое друго стварно право.

Правото на сопственост се стекнува на четири алтернативни начини и тоа:
1) според закон,
2) врз основа на правна работа,
3) со наследување и
4) со одлука на надлежен државен орган.

Правото на сопственост, доколку над една ствар има повеќе носители на правото, се објаснува преку подоблиците на правото на сопственоста. Законот за сопственост и други стварни права воведува три подоблици на правото на сопственоста и тоа:
1) сосопственост,
2) заедничка сопственост и
3) етажна сопственост.

Според член 13 од Европската конвенција за заштита на човековите права, секој на кој правата и слободите признаени со конвенцијата му се нарушени има право на ефикасен правен лек пред националните власти, а во последна инстанца и пред Европскиот суд за човекови права со седиште во Стразбур.

На овој начин се воспоставува специфична врска помеѓу националниот и европскиот систем за заштита на правото на сопственост односно се создава супранационален контролен механизам за заштита на прокламираните права, меѓу кои и правото на сопственост.

Во сите меѓународни документи како и во законодавство на Република Северна Македонија, особено внимание се посветува на заштитата на правото на сопственост. Во Законот за сопственост и други стварни права, заштита на правото на сопственост се обезбедува со:
- сопственичка тужба за поврат на стварта (rei vindication),
- тужба на претпоставениот сопственик (action publiciana),
- тужба поради вознемирување на сопственоста (actio negatoria),
- тужба за заштита на сосопственоста, односно заедничката
сопственост и
- декларaторна (тужба за утврдување на правото) и излачна тужба.

Оттука, неосновани се наводите на подносителот на предметната Иницијатива дека оспорената одредба од член 154 од Законот за катастар на недвижности не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 6 и член 15 од Уставот на Република Северна Македонија. Законот за катастар на недвижности се применува од 2013 година, при што досега услугите што ги обезбедува Агенцијата за катастар на недвижности се одвиваат непречено и континуирано се унапредуваат. Катастарот на недвижности, всушност, претставува единствен, официјален и доверлив извор на податоци за недвижностите, кој обезбедува јасна, точна и ажурирана евиденција на запишаните податоци. Таквата централизирана база овозможува транспарентност во правниот промет, сигурност при остварување на имотните права и ефикасно функционирање на институциите и приватниот сектор што се потпираат на катастарските информации.

Во поглед на правната заштита на имотните права, како што е и погоре објаснето, истата е целосно обезбедена и гарантирана, согласно законодавството на Република Северна Македонија, односно преку Уставот на Република Северна Македонија како највисок правен акт, релевантните закони, како и меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот.

Имајќи го предвид претходно наведеното се укажува дека член 154 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19 и 155/24) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 6 и член 15 од Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива, како правно неоснована.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Иницијативата од Јовица Јовевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.142/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 27 став (2) точка 5) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/22 и 47/25) и притоа го утврди следново мислење

Подносителот на Иницијативата наведува дека одредбата од член 27 став (2) точка 5) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22 и 47/25) не е во согласност со член 8 став (1) алинеја 3, член 20, член 32 ставови (1) и (2) и член 55 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, од причина што наведената одредба уредува дека при поднесување на барање за упис на сметководител, односно овластен сметководител во соодветниот регистар меѓу другото се доставува и доказ за платена членарина. При тоа, подносителот наведува дека предметната одредба не упатува кон која организација

треба да се плати членарината, кој ја утврдува членарината, ниту пак на кој правен основ се заснова обврската за членство.

Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22), е донесен во август 2022 година со основна цел регулирање на сметководствената професија, согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики во областа на сметководството. Согласно член 1 од Законот, уредено е дека со Законот се уредуваат условите на вршење на сметководствени работи, субјектите кои вршат сметководствени работи, условите за стекнување со статус на сметководител и овластен сметководител, организацијата и работењето на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, како и други прашања кои се однесуваат на вршењето сметководствени работи.

Имено, Законот за вршење на сметководствени работи ги уредува критериумите за вршење на сметководствената професија и дејност на територијата на Република Северна Македонија.

Сметководителите и овластените сметководители на територијата на Република Северна Македонија, согласно член 14 став (1) од Законот се организираат во Институтот кој има својство на правно лице со јавни овластувања.

Согласно член 17 став (1) и став (12) точка 6) од Законот, Собранието е највисок орган на Институтот, кој го сочинуваат сите сметководители и овластени сметководители претставени преку избрани претставници од подружниците на Институтот. Меѓу останатите надлежности, Собранието на Институтот ја утврдува и висината на членарината која ја плаќаат членовите на Институтот, односно сметководителите и овластените сметководители. Оттука, самите сметководители ја утврдуваат висината на членарината што ќе ја плаќаат на Институтот, при што висината на истата, Институтот ја утврдува врз основа на реално направени трошоци од страна на Институтот (член 17 став (13) од Законот).

Горенаведените одредби, јасно уредуваат кој ја утврдува членарината и кон кого треба да се плтати и истата важи за сите сметководители, односно овластени сметководители под еднакви услови. Членарината е еден од механизмите преку кои се обезбедува функционалност на правното лице (Институтот) кое врши јавни овластувања согласно Закон.

Оттука, горенаведените одредби од Законот се јасни и прецизни кои уредуваат дека не станува збор за доброволно здружение, туку станува збор за членство во правно лице со кое не се нарушува слободата на здружување бидејќи не станува збор за „здружение", туку институционализирана форма, која има за цел саморегулација на професијата што е во согласност со член 20 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 31 став (1) од Законот за вршење на сметководствени работи, со право за вршење на сметководствени работи и со право за потпишување на сите документи за финансиско известување кои произлегуваат од вршењето на сметководствените работи се стекнува сметководител и/или овластен сметководител кој има уверение за сметководител или овластен сметководител издадено од Институтот и кој е запишан во соодветниот регистар кој се води во Институтот во рамките на статусот кој го има.

Со одредбата од член 27 став (2) точка 5) од Законот за вршење на сметководствени работи е уредено дека, лицето кое има уверение за сметководител, односно уверение за овластен сметководител се запишува во Регистарот на сметководители, односно во Регистарот на овластени сметководители во Институтот врз основа на поднесено барање до Институтот. Кон

барањето за упис во регистрите, лицето меѓу другото должно е да достави и доказ за уплатена членарина.

Оттука, Законот уредува јасни, транспарентни и унифицирани критериуми за сите граѓани на Република Северна Македонија во поглед на можноста за вршење на сметководствени работи, односно истиот обезбедува почитување на одредбите од Уставот и достапност на работното место на сметководител или овластен сметководител под еднакви услови за секој граѓанин на Република Северна Македонија, односно не го загрозува владеењето на правото што е во согласност со член 8 и член 32 ставови (1) и (2) од Уставот на Република Северна Македонија. Генерално, крајната цел на законското решение е обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите на финансиската состојба и финансиската успешност на обврзникот за водење на сметководство кои се клучни како за потребите на самиот обврзник, неговите деловни партнери, така и за државата и останатите заинтересирани страни што придонесува за заштита на јавниот интерес што е во согласност со член 55 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното, се отфрлаат наводите во Иницијативата, односно со одредбата од член 27 став (2) точка 5) од Законот за вршење на сметководствени работи, не се ограничува слободата на пазар, не се нарушува еднаквоста на слободите и правата на сметководителите и овластените сметководители, ниту пак се ограничува слободата на пазар и претприемиештвото, поради што цитираната одредба не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, не постои неусогласеност на одредбата од член 27 став (2) точка 5) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25) со член 8 став (1) алинеја 3, член 20, член 32 ставови (1) и (2) и член 55 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во согласност со член 73 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/24), да донесе решение со кое ќе одлучи дека не се поведува постапка за оценување на уставноста на горенаведената одредба од Законот за вршење на сметководствени работи.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.152/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 33-д став 5 во делот „за отуѓување" од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23, 59/25 и 154/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во член 33 став (5) алинеја 1, зборовите „односно договор за отуѓување на градежно земјиште“, се во врска со Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.160/14), кога е воведена постапка за продавање на градежно земјиште во рамките на Технолошко индустриските развојни зони, која постапка со Законот за изменување на Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15), е предвидена постапка за издавање на одобрение за градење и употребната дозвола за корисниците, која ја спроведува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Во тој период во зона присутен е корисник кој има активен Договор за купопродажба на градежно земјиште, поради што неопходно е во одредбите да биде предвидена и оваа ситуација.

Претходно споменатиот Договор бил правосилно раскинат во средината на 2024 година.

На вака утврдени околности се констатира дека одредбата повеќе е неприменлива но не и неуставна.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 33-д став 5 во делот „за отуѓување" од Законот за технолошки индустриски развојни зони, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на наведените одредби од Законот.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.157/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 став 2 во делот „посебен закон“ од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24 и 241/24 ) и притоа го утврди следното мислење:

Во Република Северна Македонија доделувањето на концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство, правната заштита во постапката, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство е уредено со Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24 и 241/24).

Овој закон како чадор закон кој ги регулира основните правила за доделување на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство и концесиите на добра од општ интерес се темели на начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност, ефикасност, еднаков третман и меѓусебно признавање.

Законот ги регулира сите прашања кои се однесуваат на концесиите на добра од општ интерес, со тоа што се предвидени посебни одредби во Законот во однос на постапката за доделување на концесиите на добра од општ интерес, која постапка подетално е уредена во посебните закони кои регулираат концесии на добра од општ интерес.

Имено, Законот за концесии и јавно приватно партнерство претставува општа рамка во однос на прашањата поврзани со концесиите на добра од општ интерес, кои треба да бидат инкорпорирани и подетално разработени во посебните закони кои регулираат одредена концесија на добра од општ интерес.

Во таа насока е и ставот 1 на членот 10 од оспорениот закон, со кој се прави исклучок во однос на примената на одредбите од истиот кои се однесуваат на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес во случај кога концесијата се доделува на јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Северна Македонија, општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје и друштва врз кои државата

или органите на општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото, со тоа што се упатува на примена на посебниот закон, пред сè во однос на плаќањето на надоместокот за концесија согласно ставот 2 на истиот член, во однос на кое не важи исклучокот.

Што значи исклучокот за примената на оспорената одредба од Законот за горенаведените субјекти се однесува само на постапката за доделување на конкретната концесија, но не и во однос на висината и начинот на плаќањата на концесискиот надоместок пропишани во актите кои произлегуваат од посебните закони кои ја регулираат соодветната концесија на добра од општ интерес (тарифник), кои се применуваат и важат идентично за сите концесионери без исклучок.

Имено, согласно член 40 став (2) од Законот за минерални суровини е уредена постапката дека „во случај кога барањето за добивање на концесија за експлоатација го поднесуваат јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Северна Македонија и друштвата врз кои државата има директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно ако поседува поголем дел од капиталот на друштвото, има мнозинство гласови на акционерите/содружниците и доколку именува повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото, другите правни лица кои вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања, концесијата за експлоатација им се доделува врз основа на барање, без спроведување на постапка за доделување на концесија по пат на јавен повик“, а согласно став (3) од истиот член постапката за доделување на концесијата за експлоатација од ставот (2) на овој член се спроведува согласно со членот 42 од овој закон“.

Согласно член 75 од Законот за минерални суровини, концесионерот којшто врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа:
- годишен надоместок за користење на просторот доделен со концесијата за експлоатација, а во зависност од видот на минералната суровина што е предмет на концесијата за експлоатација и
- надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата.

Висината и начинот на плаќање на концесискиот надоместок е утврдена со Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.268/24).
Согласно оваа одредба од Законот за минерални суровини наведените друштва во член 40 став (2) не ги исклучува од обврската за плаќање на концесиски надоместок.

Согласно горенаведеното, Владата е на став дека поднесената Иницијатива пред Уставен суд е неоснована.

Имено, се укажува дека наводите на подносителот на Иницијативата во делот „посебен закон“ во оспорениот член 10 став 2 дека одредбата не е доволно јасна и прецизна и е во спротивност со начелото на владеење на правото и дека остава можност за правна празнина, а со тоа арбитрерно да се толкува и применува се произволни и не кореспондираат со содржината и предметот на уредување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, особено со содржината на оспорениот член, во кој „посебен закон“ на јасен и недвосмислен начин сам по себе подразбира и се однесува на закон кој регулира соодветна концесија на добра од општ интерес.

Во поткрепа на неоснованоста на Иницијативата е и самиот факт што во конкретниот случај поголем дел од наводите на подносителот се однесуваат на одредби од Законот за минерални суровини, како еден од посебните закони кои уредуваат одредена концесија на добра од општ интерес, што наведува на заклучок  дека недвосмислено, јасно и прецизно бил лоциран „посебниот закон“ во контекст на оспорениот член од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на наведениот член.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Петар Митков од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2542, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2854/1, викано место/улица „Чар“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.730/2013, за право на првенствено купување имот, каде како сопственик на земјиште се јавува Република Северна Македонија, запишан во Имотен лист бр.70, за КО Беловиште, на КП.бр.1622, викано место/улица „Село“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 43**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Моника Муча од Скопје, доставено под И.бр.1560/2025 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.6466 за КО Центар 1, на КП бр. 7643, викано место/улица „156 бр.22“ и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 44**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Благоја Каламатиев од Скопје, доставено под И.бр.5387/2024, за Заклучок за втора усна јавна продажба, што ќе се одржи на 10 декември 2025 година, за продажба за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.90, за КО К‘шање и по Известувањето го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата по однос на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција), со осврт кон специјализираните услуги за жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство“, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ги разгледа Акцискиот план за имплементација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, Скопје (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)) и Акцискиот план за имплементација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, Скопје (Сметка за средства од Фондот (737)), како материјали за информирање.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за трансфер на прибраните средства од Компензациониот фонд ФАРЕ во Буџетот на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на тема „Основен буџет на Република Северна Македонија за 2024 година", со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за третиот квартал 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица"–Пробиштип, за периодот 1 јули 2025 година-30 септември 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 51**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица", Кичево, за третиот квартал (1.7-30.9.2025 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица", Кичево, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 52**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за инвестициони работи на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче"-Велес, за периодот јули-септември 2025 година, со обрасци за финансиско известување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче"-Велес да ја информира Владата за преземените активности во однос на забелешките содржани во Извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи на Претпријатието за 2024 година, а кои се однесуваат на начинот на евидентирање на обврските кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по однос на долгорочен кредит од странство.

**Точка 53**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, за период од 1 јули до 30 септември 2025 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 55**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво „Пошта на Северна Македонија" – Скопје, за периодот јануари - март 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето, за периодот јули – септември 2025 година на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија", како материјал за информирање.

**Точка 57**

1. Владата формираше Комисија за избор на еден член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о, во следниот состав:

- Благоја Ташаминов – претседател
- Анета Стојановска – заменик-претседател

Од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

- Марија Апостолова – член
- Дејан Герасимовски – заменик-член

Од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

- Надица Апостоловска – член
- Даниела Ѓоргиевска Костадиновска – заменик-член

Од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

- Шиќири Коруми – член
- Љупчо Камчев – заменик-член

Од редот на вработените во ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о,
- Перо Ристески – член
- Мимоза Бела – заменик-член.

2. Владата му утврди престанок на мандатот на Влатко Серафимов, член на Инспекцискиот совет од област животна средина и заштита на здравјето на луѓето, заклучно со 31.12.2025 година, согласно Закон.

3. Владата му утврди престанок на мандатот на Ресул Шемо, член на Инспекцискиот совет од област градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт заклучно со 31.12.2025 година, согласно Закон.

4. Владата му утврди престанок на мандатот на Благоја Гешоски, член на Инспекцискиот совет од област управа заклучно со 31.12.2025 година, согласно Закон.

5. Владата му утврди престанок на мандатот на Ќерамедин Селими, член на Инспекцискиот совет од област образование, наука и култура заклучно со 31.12.2025 година, согласно Закон.

6. Владата и утврди престанок на мандатот на Даниела Рендевска, претседател на Инспекцискиот совет заклучно со 31.12.2025 година, согласно Закон.

7. Владата му утврди престанок на мандатот на Игор Вељановски, член на Инспекцискиот совет од областа пазар, работни односи и безбедност и здравје при работи заклучно со 31.12.2025 година, согласно Закон.

8. Владата од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар го разреши Оливер Ивановски.

8.1 Владата за член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар го именува Драган Ангелески.

9. Владата од должноста член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о, го разреши Ивица Јорданов.

9.1 Владата за вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о, ја именува Наташа Миладинова.

10. Владата на Фехари Рамадани и Исак Шерифи определени претставници во Советот на ЈНУ Институт на духовно и културно наследство на Албанците им утврди престанок на мандатот, на нивно барање.

10.1 Владата за претставници во Советот на ЈНУ Институт на духовно и културно наследство на Албанците ги определи Ајтен Ќамили и Фаркета Дибра-Зеќири.

11. Владата од должноста член на Одборот за акредитација на високото образование го разреши проф. д-р Димитар Трајанов.

11.1 Владата за член на Одборот за акредитација на високото образование го именува проф. д-р Иван Чорбев.

12. Владата го именува Ќемал Кроси за вршител на должноста заменик – директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување да ја именува Пранвера Сума.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието на Република Северна Македонија се определуваат Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 58**

**1.** Владата го симна од Дневен ред Барањето од Министерството за локална самоуправа за изменување на Заклучокот бр.2 од точка 101: Информација за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран поради констатирани неправилности при спроведување на проект финансиран од ИПА Прекугранична програма помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2007-2013, од Сто седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 декември 2019 година.

**2.** Владата го разгледа Предлогот за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија, а по добиено претходно Мислење од Советот на јавни обвинители го утврди и заклучи согласно член 88 ставови (1) и (7) од Законот за јавното обвинителство, да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија да го разреши Љупчо Коцевски.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието на Република Северна Македонија се определелуваат Игор Филков, министер за правда и Ален Деребан, заменик на министерот за правда.

**3.** Владата го разгледа Барањето од Српскиот културен центар – Скопје за користење на салата на Националната установа Македонски народен театар, без надомест, на 27 јануари 2026 година, за свечената Светосавска академија, по повод „Денови на Свети Сава – одбележување на националниот ден на Србите во Македонија и ја задолжи Националната установа Македонски народен театар да му овозможи на Здружението Српски културен центар – Скопје користење на салата за прослава на празникот, на 27 јануари 2026 година, без надомест.

**Точка 59**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 61**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 62**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 63**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 година, за седницата на Владата што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 64**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија во врска со подготовката, изградбата и оперативноста на меѓу граничниот железнички тунел и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија во врска со подготовката, изградбата и оперативноста на меѓу граничниот железнички тунел, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и д-р Калтрина Зеколи-Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт, м-р

Ирена Јованова-Поповска, државен советник во Министерството за транспорт и Крум Ефремов, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 65**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2025 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Гентерм Северна Македонија ДООЕЛ увоз - извоз Прилеп и Гентерм Инкорпорејтед (Gentherm Incorporated), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Гентерм Северна Македонија ДООЕЛ увоз - извоз Прилеп и Гентерм Инкорпорејтед (Gentherm Incorporated) – корисник на технолошка индустриска развојна зона Прилеп.

Истовремено, Владата заклучи, предлагачот да ги има предвид укажувањата на Министерството за финансии во однос на финансиските можности за склучување на нови договори за доделување на државна помош, веќе преземените обврски по основ на склучени договори за државна помош на среден рок и максималните лимити на расходи за следниот среднорочен период, како и Мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како надлежен за оцена на секаков вид на државна помош.

**Точка 67**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од изменување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот-Коридор 8 и Коридор 10Д за 2025 година, со Предлог-програма, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства од Министерството за финансии за формирање на Единица за спроведување на проектот (ЕСП-PIU) на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 година - ноември 2028 година, во рамките на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и заклучи истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, а предлог-заклучокот бр.3 да се избрише.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за Механизмот за јаглеродно гранично прилагодување (CBAM), ја усвои и го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да формира работна група со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Царинската управа, Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни

работи и надворешна трговија и Министерството за економија и труд, која во рок од пет дена да одржи состанок, со цел изнаоѓање на соодветно решение за имплементација на Механизмот за јаглеродно гранично прилагодување (CBAM).

**Точка 70**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за приклучување на Република Северна Македонија кон Програмата „EU4Health 2021–2027“, со Нацрт - текст на Договор, за наредната седница на Владата, поради потребата по материјалот и Нацрт-текстот на договорот, мислења да достават Министерството за финансии, Министерството за европски прашања, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на склучување на Амандман 1 на Договорот влада со влада за обезбедување со резервни делови по Програмата Cooperative Logistic Supply Support (CLLSA), со склучување на Амандман 1 помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Амандман 1 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди усогласениот текст на Амандман 1 на Договорот влада со влада за обезбедување со резервни делови по Програмата Cooperative Logistic Supply Support (CLLSA).

2. Се овластува м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, да го потпише Амандман 1 на Договорот влада со влада за обезбедување со резервни делови по Програмата Cooperative Logistic Supply Support (CLLSA) .

3. Се задолжува Министерството за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија, пред потпишување на Амандман 1 на Договорот влада со влада за обезбедување со резервни делови по Програмата Cooperative Logistic Supply Support (CLLSA), да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 72**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 73**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 74**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 75**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток).

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за јавна администрација - Државен управен инспекторат.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од ажурирање на Акцискиот план за периодот јули 2025 – декември 2026 година, како дел од Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030), со текст на ажуриран Акциски план за периодот јули 2025– декември 2026 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од ажурирање на Акцискиот план за периодот јули 2025 – декември 2026 година, како дел од Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030), со текст на ажуриран Акциски план за периодот јули 2025 – декември 2026 година.

2. Го усвои ажурираниот Акциски план за периодот јули 2025 – декември 2026 година.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух за ноември 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи сите министерства, активно да се вклучат во спроведувањето на Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух.

**Точка 79**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар на население, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2025 година (четврток), поради потребата предлагачот да го усогласи/потврди текстот на Предлогот на закон со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии–Управа за јавни приходи, Дирекцијата за заштита на личните податоци, Агенцијата за заштита на личните податоци и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за склучување на Меморандум за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Националната царинска агенција на Република Бугарија, со усогласен текст на Меморандум (усогласен со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Националната царинска агенција на Република Бугарија.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во однос на точка Б) во членот 2 на Меморандумот за разбирање, да се потпише дополнителен Меморандум, при што доколку станува збор за измена на предложениот нацрт-текст на Меморандумот за разбирање, да се усогласи со став 2 на член 11 на Меморандумот за разбирање.

2. Се овластува Бобан Николовски, директор на Царинската управа, да го потпише Меморандумот за разбирање за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Националната царинска агенција на Република Бугарија.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на висината на потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да го зголеми износот за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал од 950.000.000 евра на 1.000.000.000 евра.

2. Се задолжува Министерството за финансии во процесот на подготовка на потенцијалното задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал, да ги земе предвид најповолните опции од аспект на рочност, транши и активно управување со јавен долг и за истото да ја извести Владата.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.